**ЗАПИСНИК**
**од 37-та седница на**
**Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 07.11.2017 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски, претседател на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Зоран Фиданоски, Лазар Трајчев и м-р Методија Јанчески.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** д-р Милаим Фетаи, заменик на претседателот на Советот на АААВМУ (оправдано отсутен), Селвер Ајдини (оправдано отсутен).

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручна служба:** м-р Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, м-р Ружица Бошнаковска Јотевска, м-р Ивана Стојановска, Катерина Доневска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 37-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:05 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Г-дин Трајчевски, процедурално се јави за збор и предложи, бидејќи во меѓувреме имаше пресуда од Управниот суд со која делумно ја уважи тужбата поднесена од политичка партија во врска со изборните резултати во една општина, Точката бр. 2 „Предлог за давање одобрение за склучување Спогодба за раскинување на Договор за вработување со анекси и донесување на Решение за престанок на важноста на Договорот за вработување со анекси, со предлог – спогодба и предлог – решение", да се повлече од предложениот дневен ред.

Г-дин Петрушевски, се согласи и најави дека точката бр.2 се повлекува од дневниот ред бидејќи нема законски услови, Локалните избори сеуште не се завршени затоа што е прифатен еден приговор и ќе има прегласување во едно избирачко место во општина Чаир.

Советот на Агенцијата, едногласно, со 5 гласа „за", го усвои следниот:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Усвојување на Предлог-записник од 36-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 30.10.2017 година.
2. Предлог-одлука за одобрување средства за пристап на Интернет дистрибутивниот систем на Централниот регистар на Република Македонија.
3. Предлог-одлука за потреба од јавна набавка: Интернет конекција со хостирање на веб страница на Агенцијата.
4. Предлог-одлука за потреба од јавна набавка: Горива за потребите на Агенцијата.

5. Предлог-одлука за потреба од јавна набавка: Одржување на противпожарна – спринклер инсталација (сува потстаница, прскалки и пумпи) и ПП апарати.
6. Разно.

**Точка 1**

Советот го разгледа и едногласно со 5 гласа „за" го усвои предложениот Записник од 36-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 30.10.2017 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Петрушевски во врска со Предлог-одлуката за одобрување средства за пристап на Интернет дистрибутивниот систем на Централниот регистар на Република Македонија, објасни дека станува збор за стандардно одобрување за уплата на средства кон единствен понудувач на бараната услуга. Цената е фиксна а предлогот за ваков вид на одобрување за потребите на Агенцијата е честа постапка на седница.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.05-4890/2 од 03.11.2017 година и едногласно даде одобрение директорот на Агенцијата да донесе Одлука за уплата на средства заради овозможување пристап на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги до податоците на Интернет дистрибутивниот систем на Централниот регистар на Република Македонија, во износ од 15.000,00 денари.

Горенаведените средства се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2017 година.

**Точка 3**

Раководителката на одделението за јавни набавки и општи работи Цветанка Митревска ја образложи Предлог-одлуката за потреба од јавна набавка: Интернет конекција со хостирање на веб страница на Агенцијата. Објасни дека набавката е редовна постапка која за потребите на Агенцијата се спроведува секоја година. Новината е што овој пат се спроведува за период од две години. Посочи дека колегите кои ја подготвуваа техничката спецификација се обиделе да предвидат и стават се што било потребно за да се надминат одредени технички проблеми што постоеле изминатиот период. Се надева дека сега тие ќе бидат решени на задоволителен начин.

Г-дин Петрушевски рече дека ја разгледал техничката спецификација и дека за барањата кои се поставени во неа, износот што е предвиден навистина е одличен. Барањата ако се овозможат од фирмата која ќе го добие тендерот, се многу квалитетни, така што Агенцијата би добила загарантирана брзина на Интернет пристап (трансфер) минимум 70/70 mbps, во двата правци. Оваа интернет конекција е многу поскапа од онаа за нестандарден пристап. Се согласи дека има подобрување во техничката спецификација во однос на претходните години, во квалитетот, брзината и вработените од ИТ Секторот внеле дека е потребно од тој што ќе ја понуди услугата да достави изјава со која ќе гарантира квалитетна услуга за пристап минимум 99,5 % од времето.

Според него набавката е солидно подготвена, отворена, предвидениот износ е 350.000,00 денари поделен на две години и рече дека ќе ја даде неговата поддршка.

Г-дин Фиданоски рече дека во материјалите е забележано дека во 2017 година ќе се исплатат половина од средствата а во 2018 и 2019 година другата половина. Праша дали набавката се однесува на цела 2019 година?

Раководителката на одделението за јавни набавки и општи работи Цветанка Митревска одговори дека тоа зависи од датумот на склучување на договорот, односно тоа е временски период со траење од две години од датумот на склучување на договорот.

Г-дин Петрушевски рече дека плаќањето обично се одвива месечно, вкупниот износ се дели. Се надева дека за набавката ќе се јават повеќе оператори, барем 4 до 5 најмалку.

Раководителката на одделението за јавни набавки и општи работи Цветанка Митревска, рече дека е добро и повеќе понудувачи да се јават со што би се добила можност да се добие и пониска цена.

Г-дин Петрушевски рече дека најчесто се случува за вакви понуди цената да падне неколку пати и тоа е на задоволство на корисникот.

Г-дин Трајчев рече дека претседателот на Советот како стручно техничко лице дал многу добро објаснување и нема дилеми во однос на набавката. Во врска со износот кој ќе се утврди, праша дали тој ќе биде планиран во финансискиот план на Агенцијата за 2018 и 2019 година?

Раководителката на одделението за јавни набавки и општи работи Цветанка Митревска рече дека се надева дека договорот ќе се склучи оваа година од причина што постојниот договор истекува кон крајот на месец декември 2017 година. Износот кој е планиран за следните две години секако ќе биде испланиран во финансиските планови на Агенцијата за двете следни години, односно ќе бидат резервирани финансиски средства бидејќи износот од склучениот договор веќе ќе биде познат.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.05-4832/3 од 03.11.2017 година и едногласно даде одобрување Директорот на Агенцијата да спроведе постапката за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка – услуга: Интернет конекција со хостирање на веб страница на Агенцијата, за период од 2 (две) години.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот – услуга: Интернет конекција со хостирање на веб страница на Агенцијата, за период од 2 (две) години е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки во 2017 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст), бр.05-2565/5 од 28.07.2017 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2017-та година, односно ќе бидат дообезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2018-та година и 2019-та година.

**Точка 4**

Раководителката на одделението за јавни набавки и општи работи Цветанка Митревска ја образложи Предлог-одлуката за потреба од јавна набавка: Горива за

потребите на Агенцијата. Објасни дека и оваа година ќе оди според стандардна тендерска документација и стандардна техничка спецификација за да не се бара согласност од Советот на јавни набавки. Важноста на Договорот е за период од една година, од датумот на потпишување на договорот.

Г-дин Петрушевски во врска со стандардна тендерска документација и стандардна техничка спецификација објасни дека таква можност е предвидена во Законот, односно ако се прифати без да не се менува ништо од други тела што се постручни од нас, тогаш не се оди на Совет за јавни набавки и нема трошоци во таа насока.

Г-дин Фиданоски рече, без оглед што е само во најава и сеуште не се знае, сепак сака да праша дали евентуално би се вкалкулирала зголемената акциза што ја најавил министерот за финансии, а којашто грубо ја пресметал дека за потребите на Агенцијата ќе изнесува плус 10.000,00 денари на количината на дизел горивото што се бара?

Раководителката на одделението за јавни набавки и општи работи Цветанка Митревска одговори дека минатата година не се потрошија во целост средствата што беа предвидени за оваа набавка. Според тоа се очекува и оваа година дека ќе биде така. Тоа би значело дека вкалкулирано е и тоа зголемување што може да се очекува бидејќи никогаш од напред не се знае дали цената на горивата ќе се зголемат или намалат. Од друга страна, во тендерската документација е предвидено дека Агенцијата како договорен орган не е обврзана да го потроши целиот предвиден износ, така што ќе се потроши онолку колку што ќе има потреба. Предметот на набавката опфаќа моторни бензини и дизел гориво за службените возила на Агенцијата и дизел гориво за агрегатот лоциран во седиштето на Агенцијата, за намена кога во случај нема електрична енергија.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.05-4978/3 од 03.11.2017 година и едногласно даде одобрување Директорот на Агенцијата да спроведе постапката за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка – стока: Горива за потребите на Агенцијата.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот – стока: Горива за потребите на Агенцијата, што опфаќа: моторни бензини и дизел гориво за службените возила на Агенцијата и дизел гориво за агрегат лоциран во седиштето на Агенцијата, е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки во 2017 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст), бр.05-2565/5 од 28.07.2017 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2017-та година.

**Точка 5**

Раководителката на одделението за јавни набавки и општи работи Цветанка Митревска ја образложи Предлог-одлуката за потреба од јавна набавка: Одржување на противпожарна – спринклер инсталација (сува потстаница, прскалки и пумпи) и ПП апарати. Објасни дека ова претставува редовна набавка за потребите на Агенцијата. Разликата во однос на претходните две набавки е дека овој пат ќе се спроведе како групна набавка со Агенција за млади и спорт. Претходната година беше за период од една година, а сега се одлучи да биде за период од две години. Набавката ќе биде делива, како што е и наведено во тендерската документација.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.05-4941/3 од 03.11.2017 година и едногласно даде одобрување

Директорот на Агенцијата да спроведе постапката за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка – услуга: Одржување на противпожарна спринклер инсталација (сува потстаница, прскалки и пумпи) и ПП апарати, за период од 2 (две) години.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот – услуга: Одржување на противпожарна спринклер инсталација (сува потстаница, прскалки и пумпи) и ПП апарати, за период од 2 (две) години е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки во 2017 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст), бр.05-2565/5 од 28.07.2017 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2017-та година, односно ќе бидат дообезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2018-та година и 2019-та година.

**Точка 6**

**Разно**

Немаше точки под Разно

**Бр. 02-4983/6**
**13.11.2017 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**